АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02.06.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3775 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 мај 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 јуни 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија);

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 5 мај 2015 година, **констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврска дневно да емитува најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски и на албански јазик, бидејќи според програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата

за емитување сервисот го емитува на македонски и на албански јазик, од која половина во периодот од 7:00 до 19:00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 5 мај 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје емитуваше 5 часа 3 минути и 27 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на македонски и на албански јазик, што е **25,77%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (19 часа 37 минути и 43 секунди). Законскиот минимум од 40% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 5 мај што влегува во пресметка за изворно создадена програма (19:37:43), е 7 часа 51 минути и 05 секунди. ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје емитувала за 2 часа 47 минута и 38 секунди помалку изворна програма од потребниот минимум.

Во периодот од 07:00 до 19:00 часот, исто така, не емитуваше најмалку половина од законски утврдениот минимум од 40% изворно создадена програма во РМ на македонски и на албански јазик. Половина од законскиот минимум (од 07:51:05) изнесува 3 часа 55 минути и 33 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски и на албански јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 54 минути и 35 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски и на албански јазик, што во оваа ситуација е за 3 часа и 58 секунди помалку од потребниот минимум.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, на 5 мај 2015 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски и на албански јазик, ниту пак, најмалку половина од неа ја емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

## 9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***